ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ
МАРТ 2026

# ЗАКОНОТ И ПРАКСАТА - ШТО НЕДОСТАСУВА ВО МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИКА ЗА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ?

Ирена Бојаџиевска, Искра Белчева Риствска

## ВОВЕД

Во услови на интензивна дигитализација транспарентноста на јавниот сектор подразбира многу повеќе од едноставно објавување на документи. Тоа подразбира објавување на детални податоци во соодветен и обработлив формат, кои се лесно достапни, не повеќе од три клика, т.е. отворени податоци. За терминот отворени (*open data*) податоци како синоним се користи и терминот „владини податоци“ (*government data*)[1], а се дефинира како податоци на јавните институции до кои секој може слободно да пристапува, може слободно да ги користи, менува и споделува за која било цел (најмногу под услов да се почитуваат барањата што го зачувуваат потеклото и отвореноста)[2].

Важно е да се потенцира дека отворените податоци се повеќе од техничка платформа, тие служат како **механизам за зајакнување на отчетноста на институциите, информирање на јавните политики, демократијата во државата и конкурентноста на економијата** и како такви претставуваат клучен елемент на доброто управување.

Кога владите ги ставаат податоците достапни во отворени формати, тие им овозможуваат на сите заинтересирани страни (граѓаните, истражувачите, новинарите и граѓанските организации) да имаат увид во работата на институциите, да ги оценуваат резултатите од политиките. Во поширока смисла, отворените податоци ја зајакнуваат и демократијата во државата, бидејќи доколку институциите активно и редовно објавуваат отворени податоци т.е. податоци во отворен формат, граѓаните ќе можат да се информираат за работењето на институции, колку и ккави резултати испорачуваат и на наредните избори ќе може да донесат информирана одлука за тоа дали повторно ќе им дадат доверба или ќе ги казнат. Ова не се донесува не само на институциите на централно ниво, туку и на единиците на локалната самоуправа. Дополнително, отворените податоци се основа за креирањето политики засновани на докази, ги поттикнуваат иновациите и помагаат во намалувањето на информациските асиметрии што можат да ги заштитат лошите перформанси или корупцијата од јавноста. Меѓутоа, отворените податоци се од голема корист на приватниот сектор, кој може да ги користи за да планира нивниот

[1] Ваквото поистоветување става фокус на тоа дека сите владини, односно државни податоци се отворени податоци, не може да бидат тајни скриени, освен во ретки ситуации пропишани со закон, и како такви граѓаните имаат право да ги знаат, а државата има обврска да ги обезбеди.
[2] Ваквата дефиниција на отворените податоци е изложена на https://opendefinition.org/

деловен развој. Па, оттука, може да се каже дека на некој начин отворените податоци придонесуваат и кон зајакнување на конкурентноста на државата на глобалниот и европскиот пазар.

Меѓутоа, за спроведување на отворените податоци во пракса, потребно е да биде воспоставена соодветна законска и техничка рамка. Во отсуство на овие предуслови, ветувањето за отворени податоци останува делумно спроведено. Заради големото значење на отворените пдоатоци меѓународната заедница има утврдено правна и стратешка рамка за нивно уредување, кои државите може да ги преземат и да ги прилагодат согласно нивните национални потреби. Ова особено се донесува на правната рамка на Европската Унија (ЕУ), која Република Северна Македонија, како претендент за идна членка во ЕУ, има обврска де ја усогласи со домашната правна рамка. Што содржи оваа регулатива, колку макеоднскиот систем ја има усвоено и како ја спорведува во пракса анализираме во следните наслови.

## ИНСТИТУЦИИТЕ И ОТВОРЕНИТЕ ПОДАТОЦИ: ТЕКОВЕН КОНТЕКСТ И ПРЕДИЗВИЦИ

### ПРАВНА РАМКА

Во февруари 2014 година влезе во сила Законот за користење на податоците од јавен сектор , со кој беше транспонирана Директивата 2013/37/ЕУ за користење на податоците од јавен сектор[3]. Оваа директива покрена едно цело движење за промовирање на поголема транспарентност на Владите ширум светот, но и заради големиот економски потенцијал кој беше утврден дека го имаат токму податоците од јавниот сектор со чие отворање, надвор од првичната намена за која ги создаваат институциите, компаниите и граѓаните можат да изградат сопствени бизнис модели, иновации, апликации и услуги базирани на тие податоци од кои ќе генерираат приход. Доаѓањето на новите технологии, особено во областите на анализа на податоци и “Интернет на нештата’ (*internet of things*), имаше значително влијание врз начинот на кој податоците може да се искористат во економијата, па споменатата Директива беше ревидирана во 2018 година.

Заради унапредување на повеќе аспекти на политиката на транспарентност, отвореност и повторна употреба на информации од јавниот сектор, во јуни 2019 година беше донесена Директивата (ЕУ) 2019/1024[4] на Европскиот парламент и на Советот . Во контекст на националното законодавство, Министерството за дигитална трансформација направи чекор кон усогласување со истоимената директива, па со тоа и насловот на предложениот пропис е Закон за отворени податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор анализиран во текстот.

### СТРАТЕГИЈА ЗА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ НА ВЛАДАТА (2018−2020)

Стратегијата за отворени податоци на Владата (2018–2020)[5] ги обликува обврските околу објавувањето на збирки податоци од јавниот сектор и подобрувањето на институционалните практики за податоци. Стратегијата предвидуваше централна

---

[3] Directive 2013/37/EU of the European Parliament and of the Council of 26 June 2013 amending Directive 2003/98/EC on the re-use of public sector information Text with EEA relevance: https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2013/37/oj/eng

[4] Directive (EU) 2019/1024 of the European Parliament and of the Council of 20 June 2019 on open data and the re-use of public sector information (recast): https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32019L1024

[5] Стратегијата за отворени податоци на Владата (2018–2020): https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/nacionalni-strategii-file-GVnk.pdf

инфраструктура за отворени податоци и каталог на збирки податоци, кои беа наменети да служат како ресурс за истражувачите, граѓанското општество и јавноста. Овој стратешки ангажман одразува поширок напор за усогласување на владините обврски за транспарентност со меѓународните добри практики, осигурувајќи дека државните органи - не само извршната власт, туку и законодавната власт и агенциите - усвојуваат структурирани пристапи кон отворените податоци.

Клучен исход на Стратегијата беше воспоставувањето на Каталогот за отворени податоци[6] кој служи како помошна алатка за да институциите знаат кои податочни сетови треба да ги објават и направат достапни за користење. Мерките во Стратегијата кои се однесуваат на техничките можности на институциите и обуките и градењето на институционалните капацитети човечките ресурси за работа со отворените податоци останаа незадоволително споредени.

Во пракса, Индексот на отвореност на институциите  за 2024 укажува дека министерствата имаат просечен степен на отвореност од 35% според исполнување на индикаторите за отворени податоци, односно истиот е значително низок[7]. Институциите на Владата покажуваат исто така низок степен на отвореност, односно 46%, додека Министерството за одбрана има најголем степен на отвореност, односно 52%[8]. На локално ниво степенот на отвореност е на значително уште пониско ниво со степен на отвореност од само 18%[9].

## НАЦИОНАЛЕН ПОРТАЛ ЗА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ

Националниот портал за отворени податоци data.gov.mk[10] беше воспоставен во јули 2018 година како многу пософистицирано решение и го замени основниот портал www.otvorenipodatoci.gov.mk од 2014-та година. Денес, www.data.gov.mk функционира како централно складиште за јавно достапни збирки на податоци од државните институции. Порталот консолидира каталог на збирки на податоци и обезбедува лесен интерфејс за пребарување и преземање информации. Со порталот се операционализираат клучните елементи на националната стратегија и политичките обврски во функционална дигитална инфраструктура. Порталот претставува важна алатка за транспарентност: му овозможува на секого пристап до сирови податоци за владините операции, олеснувајќи независна анализа и развој на известување и апликации засновани на докази.

При неговото отворање, на порталот беа достапни вкупно 131 податочен сет од вкупно 4 области, однсоно министерства, а денес порталот содржу 707 функционални податочни сетови. Ова е значителен прогрес во однос на бројот на податочните сетови, но се уште недоволен според барањата на модерното дигитално врмее. И покрај неговата важност, порталот се соочува со постојани предизвици, на пример, не сите институции постојано објавуваат метаподатоци или ажурирани збирки на податоци, а постои ограничена автоматизирана инфраструктура за интеграција на податоци во реално време.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОБРАНИЕТО

---

[6] Каталог на отворени податоци: https://data.gov.mk/dataset/

[7] Процена на доброто владеење на извршната власт во Северна Македонија и во регионот преку Индексот на отвореност (стр. 51): https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/procena-na-dobroto-vladeenje-na-izvrshnata-vlast-vo-severna-makedonija-i-vo-regionot-preku-indeksot-na-otvorenost-3/

[8] Исто (стр. 53)

[9] Процена на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку Индексот на отвореност, мерење за 2025 година (стр. 35): https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/procena-na-dobroto-vladeenje-vo-edinicite-na-lokalnata-samouprava-vo-republika-severna-makedonija-preku-indeksot-na-otvorenost-merenje-za-2025-godina-2/

[10] Национален портал за отворени податоци: https://data.gov.mk/

Успешната практика за отворени податоци се прошири во законодавната сфера со иницијативите за отворени податоци во Собранието. Воспоставувањето на порталот за отворени податоци на Собранието[11] има за цел да обезбеди податоци за парламентарните активности (на пр., состав, работа на комисии, истражувачки резултати). Ваквите напори го подобруваат јавниот надзор врз функциите за донесување закони и надзор, но и ја популаризираат и доближуваат работата на Собранието до граѓаните. Не порталот на почетокот на неговото отворање во 2022 година претстави 17 отворени податочни сетови, а неколку години подоцна имаме само 29 достапни податочни сетови. Посетеноста на новата интернет страница на Собранието континуирано се зголемува токму заради посетите и користењето на објавените податоци, но нивниот потенцијал е нецелосно искористен бидејќи има малку продукти дизајнирани врз основа на податоците од Собранието.

## ТЕХНИЧКИ МОЖНОСТИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Во Република Северна Македонија, законската рамка ги обврзува органите на јавниот сектор да објавуваат клучни збирки податоци онлајн, вклучувајќи податоци поврзани со владини функции, финансиски податоци и институционални перформанси. Оваа законска обврска е дизајнирана да обезбеди податоците што ги чува државата да бидат проактивно откриени, а не закопани зад формални барања за информации или ограничени од технички бариери за повторна употреба.

Сепак, многу јавни институции продолжуваат да се борат со застарени ИТ системи, расфрлано складирање на податоци (на пр., табеларни пресметки или хартиени записи) и ограничен капацитет за автоматизирање на објавувањето и ажурирањето на множествата податоци во реално време. Овие оперативни ограничувања го ограничуваат квалитетот, навременоста и употребливоста на отворените податоци, намалувајќи го нивното потенцијално влијание врз транспарентноста и надзорот.

Анализата за потребите од нов закон[12] укажува дека од анкетирани 50 институции 79% рачно ги ажурираат податоците, а само 5 институции имаат можност за API-ажурирање. Слични се процентите и за објавите на data.gov.mk. Дополнително, 37% сметаат дека претворањето во отворен формат бара несразмерен напор, 15% дека е сложено, а само 35% објавуваат податоци во реално време или со фреквенција до еден месец. Како клучни пречки институциите ги издвојуваат недостигот на ИКТ кадар, ограничена опрема, застарени системи и отежната екстракција од бази на податоци.

Заклучуваме дека ова прашање не е доволно да биде само законско барање што им се наметнува на органите на јавниот сектор, туку потребна е дополнителна практична поддршка за многу тела од јавниот сектор да се движат кон функционалности базирани на веб и поширока употреба на API-и, а другите технолошки трендови, како што се потребата за машински читливи податоци и интероперабилност, секако остануваат да бидат основа.

И покрај значајниот напредок со законските и стратешки документи, неколку предизвици продолжуваат да го поткопуваат целосното реализирање на потенцијалот на отворените податоци:

- Ограничени автоматизирани ажурирања и пренос на податоци во реално време, особено за динамични збирки на податоци (на пр., извршување на буџетот, јавни набавки)

---

[11] Портал за отворени податоци на Собранието на Република Северна Македонија: https://data.sobranie.mk/

[12] Предлог Извештај за проценка на влијанието на регулативата - Закон за отворени податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор (стр. 3), електронски достапен на: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=86996

- Ограничувања на техничкиот капацитет во многу јавни тела
- Недоволни стандарди за метаподатоци и информации за лиценцирање, што ја намалува можноста за откривање и повторна употреба
- Недоволен ИКТ кадар во институциите
- Недоволна хардверска и софтверска опрема.

# ОСВРТ КОН НАЦРТ ЗАКОНОТ ЗА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ И ПОВТОРНА УПОТРЕБА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во 2025 година Министерството за дигитална трансформација подготви нов нацрт Закон за отворени податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор[13], за кој се покрена дебата и меѓу стручната и во пошироката јавност. Законот е чекор кон усогласеност со Директивата на ЕУ 2019/1024.

Како независна организација посветена на промовирање на добро управување, реформа на јавната администрација и инклузивно креирање политики, Центарот за управување со промени (ЦУП) постојано се залага за поголема транспарентност, практики на отворени податоци и неограничен пристап до владини документи. Директивата предвидува повеќе унапредувања на политиката, но дел од нив би требало поконкретно да се најдат во одредбите на новиот закон.

## НАЧЕЛА СО КОИ СЕ УРЕДУВА НАПЛАТАТА

Новата Директива за отворени податоци во членот 6 ги утврдува начелата со кои се уредува наплатата на отворените податоци. Имено, останува основното начело дека отворањето на податоците е бесплатно. Идејата за отворање на податоците, уште со најстарата директива од 2003 година, е дека граѓаните како даночни обврзници од кои се финансираат институциите и органите од јавниот сектор веќе платиле за создавањето на овие податоци, па затоа нема потреба повторно да плаќаат за да можат истите да ги користат.

Но, имплементацијата на политиката за отворени податоци низ годините покажа дека сепак институциите при отворањето на податоците се соочуваат со извесни т.н. скриени трошоци (на пр. за развој на портали за отворени податоци, трошоци за складирање, трошоци за човечки ресурси).

Затоа со новата Директива се утврдува дека користењето на податоците од јавниот сектор е бесплатно, но на институциите и органите од јавниот сектор треба да им се овозможи поврат на маргиналните трошоци. Формулацијата на обврската е дека пресметката може да се врши според објективни, транспарентни и проверливи критериуми, според сметководствените начела на секоја земја членка. Директивата утврдува обврска дека вкупните приходи од набавувањето и овозможувањето на повторна употреба на документи во текот на соодветниот сметководствен период не треба да ги надминуваат трошоците за нивно собирање, изготвување, репродукција, ширење и складирање на податоци, заедно со разумен поврат на инвестиција и, онаму каде е применливо, анонимизација на лични податоци и мерки што се преземаат за заштита на комерцијално доверливи информации.

Во истражувањето беше идентификувана дискриминаторската практика со која институциите им наплаќаат на граѓаните и компаниите за пристап до збирки податоци, додека истите податоци им ги обезбедуваат бесплатно на други јавни институции. Оваа

[13] Фуснота бр. 3.

практика е во спротивност со европскиот принцип на недискриминација според рамката на Директивата за отворени податоци и ги поткопува фер пазарните услови.

Во согласност со постојаните заложби за гарантирање на недискриминаторски и слободен пристап до јавни податоци треба:

- Експлицитно да забрани дискриминаторски практики на ценообразување.
- Да воспостави принцип на слободна повторна употреба на информации од јавниот сектор како стандардно правило.
- Јасно да дефинира тесно прилагодени исклучоци.
- Да воведе надзор и санкции за непочитување.

## ОБРАБОТКА НА БАРАЊА ЗА ПОВТОРНА УПОТРЕБА

Во Директивата 2019/1024 е формализирано барањето за повторна употреба кое постоеше како генерална правна обврска во претходните правни акти. Со новите одредби институциите треба да обработуваат барањата за повторна употреба и бараните податоци да ги направат достапни на барателот, преферирано со употреба на електронски средства. Ако за бараните податоци е потребна дозвола за нивно користење, условите под кои му го овозможуваат користењето на податоците треба да му ги понудат на барателот во разумен рок, не подолг од оној утврден во постапката за постапување по барања за пристап до информации.

Барањата за повторна употреба, вклучително и оние кај кои има дозвола за употреба треба да се обработат во рок најмногу до 20 дена од денот на нивното добивање, а по исклучок само во случај на опсежни или сложени барања рокот може да се продолжи за дополнителни 20 работни дена.

Законот согласно Директивата мора да утврди правен лек односно право на жалба. Секоја одлука за повторна употреба треба да содржи упатување на правните средства во случај кога барателот сака да ја оспори одлуката. Правните средства вклучуваат можност за разгледување на таквата одлука од страна на непристрасно тело со соодветна експертиза, како што е националното тело за пазарна конкуренција, релевантното тело за пристап до документи, надзорното тело воспоставено во согласност со Регулативата (ЕУ) 2016/679 (GDPR) или националното правосудно тело, **чиишто одлуки се обврзувачки за засегнатите тела на јавниот сектор.**

Директивата освен што ги зајакнува обврските за законско утврдување на барањето, ја утврдува и обврската за обезбедување правен лек односно двостепеност на постапката доколку барателот не ги добил бараните податоци.

Ставот 3 од оваа директива не ја утврдува можноста еден од основите за одбивање на барањето да биде тоа што институцијата не е технички подготвена да одговори на барањето за отворени податоци. Под техничка можност се подразбира информатичка инфраструктура во институцијата и квалификуван или обучен кадар за да се спроведе обврската за отворени податоци утврдена со Законот за користење на податоците од јавен сектор. Но, реално во РСМ има институции кои не се дигитално подготвени да исполнат овие барање ниту пак имаат технички можности. Таквите институции се должни да одговорат на барањето, а во образложението треба да ја наведат причината. Органот кој има право да постапува по жалби, а и МДТ како институција за надзор врз спроведување на законот ќе треба да утврди дали навистина институцијата нема технички можности да одговори на барањето. Целта е да не се злоупотребува досегашната опција па институциите кои реално имаат технички можности да ја користат ваквата законска можност да ја „заобиколат“ својата обврска.

Потребно е согласно со Директивата да се обезбедат практични услови за повторна употреба на податоците, како што се подигање на свеста за правата кои се воведуваат со

овој закон и нудење помош и обуки за да се стимулира користењето.

## ВОВЕДУВАЊЕ ПРАВНО ОБВРЗУВАЧКИ ЗБИРКИ НА ПОДАТОЦИ СО ВИСОКА ВРЕДНОСТ

Европската комисија во Директивата има утврдено 6 тематски категории на збирки на податоци од голема вредност, како што е наведено во член 13 (1):

1. Геопросторни.
2. Земјено набљудување и животна средина.
3. Метеоролошки.
4. Статистика.
5. Друштва и сопственост на друштва.
6. Мобилност.

Директивата исто така остава „отворен прозорец" за дополнително дефинирање на нови категории. Следна група податоци кои се очекува да бидат идентификувани како податоци од голема вредност вклучуваат национални и локални мапи (геопросторни), потрошувачка на енергија и сателитски снимки (набљудување на земјата и животна средина), демографски и економски показатели (статистички податоци), деловни регистри и идентификатори за регистрација (компании и сопственост на компании) и неколку други[14].

Бидејќи дефинирањето податоци со голема вредност е динамичен процес, од страна на земјите членки треба да се воведе механизам со кој тие во континуитет ќе утврдуваат нови податоци со голема вредност, земајќи го предвид националниот контекст односно интересите на бизнис заедницата и граѓаните.

Во моментов, објавувањето на ваквите податоци во голема мера зависи од институционалната дискреција, новиот закон треба да воспостави:

- Правно обврзувачки список на збирки на податоци со висока вредност усогласени со меѓународните стандарди.
- Обврска за објавување во машински читливи, повеќекратно употребливи формати.
- Задолжување за редовно ажурирање и одржување.
- Воведување јасни временски рокови и обврски за усогласеност.

Преминувањето од доброволно објавување кон законски задолжителни минимални збирки на податоци значително би ја зголемило предвидливоста, транспарентноста и употребливоста.

Потребно е донесување подзаконски акт со кој ќе биде утврден список на податоци со голема вредност, но во разумен рок од 6 месеци од влегување во сила на Законот за да се обезбеди квалитетен документ/ список.

## ДИНАМИЧКИ ПОДАТОЦИ И УПОТРЕБА НА API

Согласно актуелната Директива од јавните тела се бара да ги направат податоците достапни за повторна употреба каде што е можно во отворени и машински читливи формати. Услов за ова е динамичките податоци треба да бидат достапни преку API и да се достапни за масовно преземање каде што е релевантно.

Во Северна Македонија многу институции сè уште немаат соодветна дигитална инфраструктура, технички капацитет и внатрешни процедури за систематско објавување

[14] Директива 2019/1024/ЕУ, рецитал 66 од Преамбулата

на податоци. Во некои случаи, податоците дури не се чуваат во дигитални формати или се ажурираат рачно, што го отежнува одржливото објавување. Отворените податоци често се перцепираат како дополнителен административен товар, а не како основна обврска.

Вградувањето на обврските за отворени податоци во институционалните работни процеси ќе го трансформира од надворешен услов во стандардна административна практика.

Во пракса, реализацијата на новите системи во администрацијата мора да биде координирано од страна на Министерството за дигитална трансформација, кое е задолжено за целата дигитална трансформација, вклучувајќи ги и отворените податоци. Оттука вклучувањето на електронско прибирање, обработка и чување на податоците мора да се обезбеди од старт со соодветни API за да може на долг рок за да се задоволи правната обврска за системско отворање на податоците.

Дополнително, во ИКТ стратегијата за 2030[15] една од целите на министерството е и поврзување на data.gov.mk со платформата за интероперабилност, за да се автоматизира процесот на објавување на податоци и да се надмине човечкиот фактор во процесот.

За да се справи со ваквите структурни слабости, потребно е пропишување на одредби за:

- Задолжително формално назначување на службеници за податоци во сите јавни институции.
- Воведување задолжителни барања за обука и градење капацитети.
- Обврска за институциите да одржуваат внатрешни каталози на податоци.
- Барање новите ИКТ системи задолжително („по дизајн“) да ја интегрираат функционалноста на отворените податоци (API).

Нацрт - Закон за отворени податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор не е техничко прилагодување, туку е демократска неопходност. Зајакнатата правна рамка би:

- Го усогласила националното законодавство со европските стандарди.
- Спречила дискриминаторски пристап до јавни информации.
- Обезбедила објавување на збирки податоци со висока вредност.
- Ја зајакнала институционалната одговорност.
- Поддржала иновации, економски раст и граѓанско учество.

## КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКАТА НА ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ

Транспарентноста на владата е камен-темелник на одговорното, демократско управување. Таа обезбедува јавните институции да работат на отворен начин, дозволувајќи им на граѓаните, медиумите и граѓанското општество да пристапат до информации за одлуки, буџети, политики и административни процеси што влијаат на нивните животи. Транспарентното управување ја зајакнува довербата меѓу државата и нејзините граѓани, ги намалува можностите за корупција и злоупотреба на јавните ресурси и го поттикнува информираното учество на јавноста во креирањето политики и надзорот. Кога информациите се лесно достапни - преку портали за отворени податоци, проактивни објавувања и робусни рамки за пристап до информации - тоа им овозможува на поединците и организациите да го следат работењето, да ги оценуваат владините активности и да се залагаат за реформи засновани на докази, а не на шпекулации.

[15] Стратегија за развој на ИКР: СМАРТ/МК 2030, Министерство за дигитална трансформација, септември 2025 година, достапна на следниот линк: Стратегија за развој на ИКР: СМАРТ/МК 2030

Северна Македонија постави важни темели за реформа на отворените податоци. Сепак, напредокот останува нерамномерен и кревок.

Следната фаза мора да се движи подалеку од развојот на портали и доброволните обврски кон применливи законски стандарди, односно да се премине од политичка заложба кон пропишување на законски обврски.

- Институционализирање на практиките за отворени податоци на сите нивоа на власт, со јасни технички стандарди и задолжителни барања за метаподатоци.
- Инвестирање во автоматизирана инфраструктура за објавување за да се обезбедат ажурирани текови на податоци и да се намалат рачните процеси и товарот врз вработените во администрацијата.
- Зајакнување на градењето капацитети за јавните службеници одговорни за објавување на податоци, вклучително и обука и долгорочна техничка поддршка.
- Продлабочување на владините иницијативи за отворени податоци, односно поддршка за ваква реформа од самиот врв на властите, осигурувајќи дека податоците се сеопфатни, навремени и лесно достапни. Успешен пример за централизирање на слична реформа е усогласувањето на порталите на централните институции, која беше дизајнирана според потребите на граѓаните, а едновремено и рационализирана бидејќи беше избегнато фрагментирање.
- Поттикнување на граѓански партнерства преку редовно организирање хакатони, предизвици со податоци и форуми за соработка што ги зближуваат владата, граѓанското општество и приватниот сектор.
- Неопходно е континуирано следење на активностите на институциите и по можност известување во формат на отворен податок. За отворање на институциите кон граѓаните, ЦУП ја воспостави и одржува онлајн платформата odgovornavlada.org, преку која се следат клучните политики врз основа на планираната Програма за работа на Владата. Неопходно е вакво проактивно следење да се врши од страна на институциите, со цел тие да објавуваат најпрецизни податоци, но и истите да се согласно стандардите за отворени податоци, за да се користат за различни намени во јавноста.

Отворените податоци мора да станат структурен елемент на управувањето, а не опционална реформска иницијатива. За да се обезбеди вистински напредок, потребно е отворените податоци да не се третираат како опционална политика, туку како суштински дел од доброто управување. Само системски пристап – јасна законска рамка, автоматизирани процеси, изградени институционални капацитети и редовно ажурирање на податоците – може да гарантира дека отвореноста ќе стане одржлива практика, а не формална заложба. Со тоа се создава средина каде институциите работат транспарентно, граѓаните имаат реална можност да учествуваат, а општеството ја искористува целата вредност што ја носат податоците – како двигател на развој, иновации и демократско зајакнување.

## ДИСКЛЕЈМЕР

Овој текст е изработен во рамки на проектот „Поттикнување на добро управување и реформа на јавната администрација- трета фаза", кој е спроведен од Центарот за управување со промени (ЦУП) и е поддржан од страна на National Endowment for Democracy (NED). Содржината на овој текст е единствена одговорност на ЦУП и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на NED. Повеќе за проектот прочитајте на следниот линк: https://cup.org.mk/proekti

Центарот за управување со промени (ЦУП) е невладина, независна и непрофитна тинк-тенк организација, основана во 2009 година, со седиште во Скопје и која работи во следните области: Добро управување, реформа на јавната администрација, европски интеграции и социо-економски развој.
Повеќе за организацијата прочитајте на следниот линк: https://cup.org.mk/about-us

Профилите на ЦУП на социјалните мрежи:

- Facebook: https://www.facebook.com/centarzaupravuvanjesopromeni
- LinkedIn: https://www.linkedin.com/company/80944789/admin/dashboard/
- Instagram: https://www.instagram.com/cup_skopje?igsh=MXVjajFlYnZqbnJ4bQ==